Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 јануари 2022 година**

**Скопје, јануари 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Душица Сеизовска – Јовановиќ, претставник од АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше д-р Фатмир Бесими, министер за финансии.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-договори за деловно-техничка соработка помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштво за дистрибуција на топлинска енергија - Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на топлинска енергија - Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје и со Скопје Север АД Скопје, со Предлог – одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ги разгледа Предлог-договорите за деловно-техничка соработка помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштво за дистрибуција на топлинска енергија - Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со топлинска енергија - Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за производство на топлинска енергија - Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје и со Скопје Север АД Скопје, со Предлог – одлука и ги донесе следните заклучоци:

1. Ги усвои договорите за деловно техничка соработка помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје од една страна и четирите друштва кои се предмет на преземање и тоа: Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје и Друштво за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД-Скопје од друга страна.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

3. Се задолжува АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да пристапи кон потпишување на договорите со четирите субјекти Друштво за производство на топлинска енергија Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на топлинска енергија Дистрибуција на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со топлинска енергија Снабдување со топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје и со Друштво за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД-Скопје.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

**1.** Владата заклучи заклучоците од точка 5 – Прашања и предлози од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2022 година, а во врска со заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија (24 и 25 јануари 2022 година) да се дополнат со следниот заклучок:

- Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за хотелското сместување на членовите во состав на Делегацијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за 24 и 25 јануари 2022 година.

**2.** Владата ги одложи од разгледување Насоките од општ карактер во поглед на вршењето на работите од областа на управување со отпад на заедничкото јавно претпријатие Русино/Полог, за наредната седница на Владата, поради потребата истите да се разгледаат на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**